Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Градоначалникот на Општина Кочани, на ден __________2022 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за примарна и секундарна канализациона мрежа за дел од село Тркање и колектор за поврзување на главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани (дел-југ), Општина Кочани, кој се носи согласно законот за урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кочани www.kocani.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ “Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за примарна и секундарна канализациона мрежа за дел од село Тркање и колектор за поврзување на главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани (дел-југ)”, Општина Кочани, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе има незначително негативно влијание врз животната средина. Од областа на животната средина незначително влијание би имало на воздухот и почвата во фазата на изградба, преку зголемување на емисии на цврсти честички и зголемена бучавост, создавање на градежен отпад итн., како и влијание врз природата и природниот пејсаж, кои влијанија би биле краткорочни.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 22-454/4
18.02.2022 год.
КОЧАНИ

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Љупчо Папазов

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за примарна и секундарна канализациона мрежа за дел од село Тркање и колектор за поврзување на главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани (Дел-југ), Општина Кочани, |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бојан Муличковски д.и.а, одговорен проектант<br>Борис Стефановски м-р.инж.арх., планер |
| Назив на работното место | Овластен планер |
| Контакт податоци за лицето | ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје 02 3083575 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за примарна и секундарна канализациона мрежа за дел од село Тркање и колектор за поврзување на главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани (Дел-југ), Општина Кочани,се изработува врз основа на Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20), Правилник за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20 и 219/21). | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| / | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Да, урбанистичката документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за примарна и секундарна канализациона мрежа за дел од село Тркање и колектор за поврзување на главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани (Дел-југ), Општина Кочани е со површина на проектен опфат – 2.15ха. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Целта на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за примарна и секундарна канализациона мрежа за дел од село Тркање и колектор за поврзување на главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани (Дел-југ) Општина Кочани, е да се овозможат услови за поставување на примарна и секундарна канализациона мрежа која ќе ги собира отпадните води од село Тркање и од стопанскиот комплекс во опфатот на “УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г„-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани” и ќе се поврзе со главниот колекторски систем за отпадни води на град Кочани, се до пречистителната станица во село Мојанци. | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Просторно и урбанистичко планирање на просторот | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |

2022 год.

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

Нема строго законско ограничување

Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

Просторот предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за примарна и секундарна канализациона мрежа за дел од село Тркање и колектор за поврзување на главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани (Дел-југ), Општина Кочани, се наоѓа на територија на Општина Кочани со површина од 2.15ха, со планирана намена Е1.6 – Канализациски инфраструктури.




Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да ☒
Не ☐

Дали е приложена копија од целите?

Да ☐
Не ☒

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата

| | |
|---|---|
| кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Влијанијата, кои ќе произлезат со имплементација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за примарна и секундарна канализациона мрежа за дел од село Тркање и колектор за поврзување на главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани (Дел-југ) Општина Кочани, може да се разгледуваат од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.<br>Реализацијата ќе овозможи поставување на примарна и секундарна канализациона мрежа која ќе ги собира и одведува отпадните води од с.Тркање се до пречистителната станица во село Мојанци.<br>Можните негативни влијанија би биле минимални и краткорочни, односно, во предиодот на изведба ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности, од механизацијата, отпадот, бучавата, вибрации и сл. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Наведените позитивни влијанија се од долгорочен карактер, додека можните негативните влијанија се оценуваат како можни, локални и краткорочни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасноста од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Со урбанистичката документација, директно ќе се засегнати жителите кои живеат во с.Тркање. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Подобрување на услови за живеење, подобра инфраструктурна поврзаност | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа со реализација на проектниот опфат ќе добие зголемена вредност. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Нема |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или | Нема |

| | |
|---|---|
| граничните вредности | |
| Интензивна употреба на земјиштето | Нема |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Планскиот документ предвидува изградба на примарна и секундарна канализациона мрежа и колектор за поврзување во главен колекторски систем и не се предвидуваат други активности. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Урбанистичкиот проект е вон опфат на урбанистични план со намена – канализациони инфраструктури и истиот нема да предизвика негативно влијание врз животната средина |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Бидејќи со проектот ќе се реализира примарна и секундарна канализациона мрежа која ќе ги собира и одведува отпадните води од с.Тркање се до пречистителната станица во село Мојанци, позитивно ќе се влијае во однос на еколошките проблеми. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Нема |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Проектниот опфат е надвор од урбанистичкиплан и не е поврзан со други плански документи во хиерархијата на планирање. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во |

| | |
|---|---|
| некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>/ | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>/ | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>на Општина Кочани<br>Љупчо Папазов |
| Бр. 22-454/3<br>Датум 18.02.2022г.<br>Место Кочани | М.П. |